2TM | СТУДИРАЈ ВО СЛОВЕНИЈА

100% УПИСОТ Е ЗАГАРАНТИРАН



# ВИШЕ СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО СЛОВЕНИЈА



## ШТО Е ТОА ВИШЕ УЧИЛИШТЕ?

Тоа е тип на образование кое става акцент на практично стекнување на вештини и искуства, затоа што најважниот дел од програмата се состои од праксата. Образовните институции по правило имаат блиска соработка со локалните фирми, каде што каде што учениците извршуваат до 40% од програмата во практичната настава. Образованието трае 2 години или 4 семестри и се завршува со одбрана на дипломската теза.



## КОЈ МОЖЕ СЕ ДА СЕ ЗАПИШЕ

Во вишото училиште можат да се запишат сите кои завршиле средно училиште и успешно го положиле матурскиот завршен испит. На некои уметнички програми (балет, фотографија, медиуми, материјален дизајн и организација на социјалните мрежи) потребно е да се положи приемен испит.



## ТИПОВИ НА ПРОГРАМИ НА ВИШИТЕ УЧИЛИШТА

Секоја година во Словенија се достапни преку 10.000 места на 155 програми за више стручно образование. Програмите се реализираат во 47 образовни институции.

## ДАЛИ СТЕ ЗНАЕЛЕ ДЕКА:

• во Словенија можете да се запишете на вишо училиште за авиомеханика?

• доколку имате диплома од вишото училиште од геотехнологија и рударство гарантирано ќе најдете работа, бидејќи секогаш недостига стучен кадар?

• дипломираните студенти на програмата мехатроника, електроника и механика се меѓу најбараните кадри во Европската унија?

• по завршувањето на вишото училиште во областа на велнесот или туризмот, ќе може да зборувате најмалку два странски јазици и ќе можете лесно да најдате работа, бидејќи туризмот е една од најбрзо растечките гранки во светот?

• дипломираните студенти од вишото училиште во областа на ИТ секторот најчесто работат од дома за работодавци од целиот свет?




## ЈАЗИК НА СТУДИРАЊЕТО

Во повеќето образовни институции наставата се спроведува исклучиво на словенечки јазик, но се повеќе и повеќе од институциите планираат да воведат програми на англиски јазик. Во моментов на англиски јазик постојат само следниве програми: економија, сметководство, градежништво и механика.

Ве советуваме да го завршите курсот по јазик, доколку сакате да го совладате словенечкиот јазик на ниво кое ќе ви овозможи целосно да ги приспособите наставните материјали, да комуницирате со колегите, обучувачите и да се чувствувате пријатно во наставата и во секојдневниот живот. Можете да изберете оптимално времетраење - интензивен курс, три, шест или дванаесет месечен курс.



## ВРАБОТУВАЊЕ НА ДИПЛОМИРАНИТЕ СТУДЕНТИ

Благодарение на високата практична ориентација на програмата, студентите веќе за време на студиите се запознаваат со вистинската работа во компаниите. Студентите пишуваат дипломски труд врз основа на примерите од компанијата каде што ја завршуваат праксата или стажирањето.

Повеќето од студенти наоѓаат работа по дипломирањето. Многу дипломци продолжуваат да работат во компаниите во кои ја извршуваат нивната пракса. Ова често се случува за време на студиите. Можноста за вработување во компаниите го зголемува недостатокот на стручно обучени лица кои се образуваат во вишите училишта.

## МИСИЈА НА 2ТМ – НИЕ ВИ ПОМАГАМЕ ДА ГИ ОСТВАРИТЕ ВАШИТЕ ЗАЦРТАНИ ЦЕЛИ!

www.2tm.si
education@2tm.si
+386 590 43 716
studirajusloveniji

ПИШЕТЕ НИ